343.35:336.07(497.7)

Доц. д-р Насер Етеми[1]
М-р Амир Далипи[2]

# DISA KARAKTERISTIKA ETIOLOGJIKE NË KRIMINALITETIN DOGANOR NË REPUBLIKËN E MAQEDONISË

# НЕКОИ ЕТИОЛОШКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЦАРИНСКИОТ КРИМИНАЛИТЕТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

# SOME ETIOLOGICAL CHARACTERISTICS OF CRIMINALITY IN THE CUSTOMS ADMINISTRATION OF REPUBLIC OF MACEDONIA

**Abstract**

A worrying rise of crime in customs administration inevitably draws our attention in determining its etiology. Studying the etiology of crime and legality of its actions and development is not possible without research on the material conditions of life, economic structure and other processes taking place in society, which may have an impact on those acts. The character of the state and political institutions are a critical determinant that regulates this type of crime. In this sense, as general issues in terms of policy and management are diffusion of power and the changed role of the state. These changes are caused by market liberalization, decentralization and globalization are stronger role of non-state actors as supranational governance structures (EU international organizations) and transnational corporations. This diffusion of power it brings into question the primacy of the state in controlling crime. Due to the presence of various negative influences in our society which has created

[1] Доцент на Факултетот за Детективи и безбедност, Прв Приватен Универзитет ФОН Скопје.

[2] Главен инспектор, Оддел за внатрешна контрола, криминалистички истраги и професионални стандарди, Министерството за внатрешни работи на Република Македонија.

such a situation where are present desorganisations and disorders in the functioning of its institutions, which created criminogenic atmosphere, inside inevitably appear various crimes and such as offenses in customs administration.

***Keywords***: *customs, crime, smuggling, etiology.*

## Воведни забелешки

ЈИЕ има свои специфики во поглед на предизвиците на политиката и управувањето, како што е распадот на СФРЈ и војните на овие простори. Нови граници и држави беа формирани во 90-те години од минатиот век што налагаше воспоставување нови институции какви што се граничните служби. Обидите за создавање на нови институции и нова законска рамка претставуваше големо оптоварување за нискиот институционален капацитет. Направен е обид за примена на нови средства и методи, следени со недостаток на техничка опрема за нивна употреба.

Во тежнеењето за новиот начин на живот, за брзото создавање на профит и лесна заработувачка, се вршат разновидни работи, меѓу кои централно место заземаат и разни шпекулаторски – профитерски работи. Етиологијата на овој криминалитет треба да се објаснува низ односот поединец-држава-општество, при што тенденциите државата во помала или во поголема мера да се меша во стопанските односи до степен да диктира како тие да се одвиваат, истовремено го наметнува и прашањето за односот на легалното-нелегалното кај овој криминалитет. И во тој сложен однос се јавува и сфаќањето за ”социјалната диверзификација” во изучувањето на криминогените фактори, подобро етиологијата на стопанскиот криминалитет низ интередисциплинарен пристап кој ги опфаќа криминолошкиот, кривично-правниот, пенолошкиот и социолошкиот пристап.[3]

## 1. Глобализација и царински криминалитет

И едните и другите процеси што ги отвори глобализацијата некогаш директно, а некогаш индиректно влијаат врз настанувањето на криминалитетот и социопатолошките појави особено преку таканаречениот “транснационален организиран криминалитет”

[3] Камбовски В., Организиран криминалитет, Скопје, 2005 год, стр. 121.

во чии рамки настануваат многубројни нови облици на криминалитет. Глобализацијата не остави подрачје од општествените односи од материјалниот и духовниот живот во кој не продре криминалитетот и не најде смисла на своето егзистирање. Таквата тенденција има за последица појава на нови и помасовни облици на криминалитет, со нови феноменолошки карактеристики кои недоволно се познаваат.[4] Крајот на студената војна резултира со распаѓањето на политичките и економските бариери не само во Европа, туку и во целиот свет. Оваа промена отвори пат за значително зголемување на трговијата, на движење на луѓе и капиталните текови меѓу демократии и земји со слободен пазар и претходно затворените општества и пазари, кои биле попречувани од страна на советската власт. Крајот на студената војна, исто така, стави крај на маневрирањето на светските сили во други региони на светот. Овој релативен мир им овозможи на меѓународните криминалци да ги прошират своите мрежи и да ја зголемат соработката на незаконски активности и финансиски трансакции.

Сега, криминалците имаат голем избор при определување на патните правци и можности, да се определат за правци за кои мислат дека ризикот е минимален за откривање, бидејќи постои таква можност. Граничните контроли во рамките на многу регионални економски блока, како што е Европската Унија, исчезнаа. Годишно 1.600 милиони тони стока се транспортира преку море и 8 милиони тони се транспортира преку воздух, во и од ЕУ, во светски рамки се транспортирани 104 милиони контејнери во 2005 год., од 400 до 460 милиони контејнери во 2010 год., а во 2015 год. се очекува да се транспортираат од 510 до 610 милиони контејнери.[5] Овој голем обем на сообраќај и трговија им обезбедува на меѓународните криминалци огромни можности за криумчарење на стоки, вклучувајќи дрога и фалсификувани производи, како и за

[4] Арнаудовски Љ., Глобализација и криминалитетот, Зборник на трудови во чест на проф. д-р Тодор Џунов, Скопје 2009, стр. 436 – 437.

[5] Taxation and Customs Union Directorate General, April 2006. http://ec.europa.eu/taxation_customs/resources/documents/common/publications/info_docs/customs/customs_security_en.pdf Друг илустративен пример е меѓународната граница, како што е меѓу Мексико и САД, контролата на минувањата на границите во двете насоки е прилично тешка, околу 700.000 лица ја преминуваат границата меѓу САД и Мексико секој ден, 150 милиони возила годишно, а над 5 милиони контејнери.

незаконски извоз на оружје, украдени возила и други стоки во странство.[6]

Денес, криминалот во царинското работење е повеќе професионален од кога било кога и ги следи трагите на глобализацијата. Како и многу други бизнис активности, нелегалните активности во царинското работење се базираат на добрите меѓусебни односи на извршителите на овие дела на национално и меѓународно ниво. Проширувањето на територијата која е опфатена со Шенгенскиот договор резултираше со доближување до земјите на Источна Европа, земји коишто се и прилично нестабилни и со граници кои се недоволно мониторирани и контролирани.

## 2 Влијанието на процесот на распаѓањето на СФРЈ врз царинскиот криминалитет

По крајот на студената војна, прекуграничниот криминал во Југоисточна Европа се зголеми. Ова не е случај во другите источно европски посткомунистички држави. Земјите од Централна Европа и балтичките држави успеаја да воспостават ефективна контрола над нивните граници во релативно краток период. Ова се должи, пред сѐ на нивната близина до земјите од Западна Европа, но ова се должи и на забрзаните реформски процеси во политичката и економската сфера. Најважните разлики во начинот на кој процесот на транзиција беше иницирал во Централна Европа и балтичките држави, од една страна и Југоисточна Европа, од друга страна, беше дека во Централна Европа и балтичките држави транзицијата беше мирна, додека посткомунистичката трансформација во Западен Балкан беше обележана со конфликти. Распаѓањето на поранешната Југославија не само што доведе до вооружени конфликти и “кампањи“ за етничко чистење, туку и до создавање на квази-држави и слабеење на постојните држави, практично новите држави не можеа да ги контролираат нивните граници.

Во име на повисоки цели како што е заштита на националната независност и суверенитет, раководствата на одвојувачките републики имале за цел да им подадат рака на новоформираните

[6] Emilio C. Viano, Globalization, Transnational Crime and State Power: The Need for a New Criminology, Rivista di Criminologia, Vittimologia e Sicurezza Vol. III - N. 3, Vol. IV – N. 1, Settembre 2009, Aprile 2010, стр. 8

републички војски, како и на паравоените формации со единствениот можен начин – незаконско финансирање, со користење на постојните, како и новоформираните шверцерски канали. Партиските лидери и високи офицери во југословенската војска и тајната служба во голема мера ги толерираа овие активности дури и дадоа голем придонесе за развојот на стабилни шверцерски канали.[7]

Само неколку години по осамостојувањето Македонија се соочи со тежок предизвик на економски план откако Грција неразумно ја блокира границата и воведе ембарго на сите трговски врски со Македонија. Се проценува дека за година и половина, колку што траеше блокадата, Македонија претрпе штета од околу две милијарди евра. Кршењето на ембаргото на трговија со држави како Хрватска и БиХ беше во голема мера насочена кон илегалниот увоз на оружје, додека за Белград, клучното нелегално внесување беше нафтата.[8] Во двата случаи, на овие потреби им годеше развојот на регионалните мрежа на шверц канали, поврзани со организирани криминални структури во земјите како Македонија, Бугарија, Романија и Албанија кои играа клучна улога во овие процеси. Понатаму, шверцот на стоки под ембарго на постјугословенска земји стана важен извор на приходи за луѓето од сите општествени групи, од политичките лидери до обичните граѓани, кои живеат во пограничните области, како и во внатрешноста на земјата.

---

[7] Hajdinak M., Smuggling in the Southeast Europe, The Yugoslav Wars and the Development of Regional Criminal Networks in the Balkans, Center for the Study of Democracy, 2002, стр. 5.

[8] Со воведувањето на блокадата на ОН кон соседна Србија македонската економија беше доведена во уште покритична состојба бидејќи трговските врски по Коридорот 10 беа целосно отсечени. Меѓутоа, Македонија, многу кратко време ја почитуваше одлуката на ОН за блокада на Србија. Власта свесно влезе во организиран државен шверц на нафта и на други производи. Ексклузивно право да се занимаваат со трговија кон Србија имаа неколку привилегирани фирми, кои според сведочењата, само од 2 до 7 % од прометот уплатувале во државната каса. Власта направила список на фирми што имале специјална дозвола да тргуваат со Србија. Тие воопшто не плаќале данок на заработувачката бидејќи не постоела царинска контрола врз бројот на шлепери што тајно ја минувале границата со Србија. Според неофицијалните процени, преку организираниот шверц најмалку две милијарди евра од неплатените даноци и други давачки завршиле во приватни џебови наместо во државната каса. Нова Македонија, број 21784 четврток 10.9.2009.

Пред независноста, државната безбедност главно беше вклучена во трговијата со стоки во трети земји или транзит на опојни droги и забранети стоки, а потоа по постоечки канали кои беа воспоставени се користеа да се прошверцува се она што можеше да се продаде во Македонија. Со избегнување на плаќање на царинските давачки, даноци и акциза, група на поранешни полицајци и водачите на партијата беа прекуноќ збогатени и сконцентрираа огромно богатство во своите раце. Ситуацијата била користена од страна на поранешни офицери од тајните служби и претставници на високи позиции не само за да крадат од државните претпријатија и банки, туку да се искористат и можностите кои ги нудат шверцерските канали.[9]

**3. Затворање на пазарите и царинскиот криминалитет**

По 1991 год., Македонија се најде речиси целосно отсечена од сите свои традиционални трговски партнери. Војната во Хрватска и БиХ ги затвори пазарите за македонските производи во овие две републики. Во поранешните републики, каде што Македонија користела за извоз над 60 отсто од своето производство, се урна, со што продолжи да паѓа македонскиот извоз до половина. Во 1992 год., санкциите на ОН што беа наметнати на Србија, најважен македонски трговски партнер и, конечно, во февруари 1994 год., Грција официјално воведе еднострано трговско ембарго со отсекување на Македонија од пристапот до пристаништето во Солун од кое Македонија зависеше. Грчката блокада Македонија ја чинеше 60 милиони американски долари месечно. Со децении оската север-југ, што се протега од Белград преку Скопје до Солун, за Македонија беше единствената артерија која трговски ја оживуваше земјата, исто така, беше и спас за македонската економија. Развивањето на инфраструктурата беше запоставена која можеше да ги олесни економските и другите односи меѓу Македонија и нејзините западни и источни соседи.[10]

[9] Corruption and Trafficking: Monitoring and Prevention, Assessment methodologies and strategies for counteracting transborder crime in Bulgaria, Center for the security study of democracy, 2000, стр. 12.

[10] Различни мислења дека економското ембарго Македонија ја чинеше 50 мил долари, http://www.farsarotul.org/nl18_5.htm; според некои други извори ембаргото до крајот на 1994 год Македонија ја чинело 2 милиарди долари. http://www.nationsencyclopedia.com/ Europe/Macedonia-ECONOMY.html

Кога Македонија мораше да ја пренасочи својата трговија преку Албанија и Бугарија по 1991 год., тогаш се појавија други проблеми како што е недоволното одржување на патиштата, односно недоволната транспортна и трговска инфраструктура на патот исток-запад што предизвика зголемување на трошоците на увозот и извозот до стотина проценти, а според некои дури и до 400 проценти.[11] Многу во Македонија криумчарењето го сметаа како "легитимно" средство за справување со ваквата ситуација.

За време на војната во БиХ, Македонија беше една од земјите која беше вклучена во криумчарењето, нелегалната трговијата со оружје. Според медиумските извештаи, тројца македонски министри за одбрана и за надворешни работи, шефот на разузнавањето и еден пратеник беа вклучени во шверцот со оружје.[12] Од трите главни канали за шверц со нафта во Југославија кои беа отворени веднаш по воведувањето на санкциите едниот поминал преку Македонија. Овој канал е резултат на заедничка соработка меѓу агентите на државната безбедност и неколку избрани криминални банди, на кои им беа дадени "увозни дозволи" од страна на корумпираните државни функционери. Тоа опфаќаше "увоз" на нафта од Македонија, со камиони, приватни автомобили, автобуси или трактори. Бројни македонски "бизнисмени" учествуваа во една популарна шема која е користена од страна на илјадници српски фирми за избегнување на санкциите. Шемата вклучуваше создавање на фантом компанија во Скопје. Српската стока (која не можеше легално да се извезе) беше шверцувана низ порозна српско-македонската граница а потоа извезена, брендирани со печат “Произведено во Македонија“. За неколку години, оваа шема беше еден од главните начини за добивање на странска валута.[13],[14]

[11] Ибид.

[12] Wood and Peleman. "Chapter 8: The USA: Getting Around the Toughest Law." *The Arms Fixers*. <http://www.nisat.org/publications/armsfixers/Chapter8.html>. "Denials on Alleged Illegal Arms Export." *MILS News*. 9 December 1997. <http://www.soros.org.mk/mn /mils/en/97/12/ 09.html>. Slobodan Casule. "Makedonija – afera ‘Oruzje’." *AIM Press*. 27 December 1997. <http://www.aimpress.ch/dyn/pubs/archive/data/199712/71227-007-pubs-sko.htm>.

[13] Judah. *The Serbs*, pp. 272-273.

[14] *Micei Fortend афера. Американски граѓанин од македонско потекло извезуваше преку неговата компанија Фортенд УСА (Fortend USA) големо количество на муниција, пиштоли, очила за ноќно гледање, електрошок оружја,*

Каналите на криумчарење формирани со знаење, дури и со активна партиципација на највисоки државни функционери, кои се формираа како резултат на затворањето на пазарите, набрзо се "приватизираа" од одредени добро поставени поединци и групи внатре или блиски до владеачката елита. Мрежите за криумчарење формирани во 90-те се уште се многу активни и се разгранија, вклучувајќи криумчарење и трговија со секакви стоки, било легални или нелегални, за кои постои побарувачка на регионалните или на западно европските пазари. [15]

## 4. Влијание на политиката врз царинскиот криминалитет

Од првите до последните парламентарни и други избори сите влади што дојдоа на власт, победија со фалсификати на изборните процеси и многубројни неправилности. Законодавната власт по

*солзавец и шлемови на Македонија. Во Македонија негов партнер му беше сопствениот брат, сопственик на компанијата Micei Fortend, една од главните добавувачи на македонските министерства за внатрешни работи и одбрана. Во 1996 год., сопственик на Fortend САД се прогласи за виновен од страна на Окружниот суд на Калифорнија врз основа на обвиненијата на извоз на воена опрема, без добивање на потребните дозволи за извоз. Во 1999 год., тој беше осуден на три години затвор за кршење на законот (закон кој ги регулира трговските и финансиските трансакции со друга земја која е закана за националната безбедност, надворешната политика, или економијата на САД), како и на законот за извоз (што го ограничува извозот на воена опрема на земји, која војска може да влијае на националната безбедност и интереси на САД). И покрај негирања од македонската влада, доволно индикации постојат за да се претпостави дека опремата увезена од Micei Fortend беше препродадени во Србија.*Hajdinak M., Smuggling in the Southeast Europe, The Yugoslav Wars and the Development of Regional Criminal Networks in the Balkans, Center for the Study of Democracy, 2002, стр.17.

[15] Т.н. "албанска зделка" беше спроведена со учество на двајца офицери од Министерството за одбрана и еден полицаец од МВР од Бугарија. Тоа беше спроведено со помош на македонската тајна служба и полковник од Албанија и беа засегнати 100 пушки и 10 000 мини. Во истрагата за скандалот јасно се стави до знаење дека голем број на парчиња оружје биле пренесени на српската војска во Босна. Деталите од договорот откриле класична структура на шверц канал каде што се вклучени тајните служби, како и царинските службеници на трите држави, а се со цел за извлекување лична корист. Шест камиони натоварени со оружје од Бугарија преминал непречено од границите на Бугарија, Македонија и Србија придружен од полициските органи на тие земји

конституирањето се сретна со многубројни проблеми, со неработење и недисциплина на пратениците кои на преден план ги поставија своите лични интереси[16] за стекнување на привилегии и интереси на партиите не водејќи сметка за државата, народот и неговите интереси. Согласно со интересите пратениците преминуваат од еден во друг партиски блок со купување на нивните гласови, продавање на пратеничките места, за да се оствари мнозинство во Собранието. Кај другите две власти изостана и наместо реорганизација, настана дезорганизација со распаѓање на државниот апарат и поради чести промени во него диктирани од партиски цели, со изразено коруптивно дејствување на сите нивоа (министри, заменици министри, високи чиновници, директори, началници на служби).[17]

Секоја промена на власт резултира во губење на политичка поддршка за одредени шверцерски канали. Некои политичари ги користат постојните нелегални канали со цел да се контролира економската елита на земјата што е блиска до една партија или друга. Економски групации, пак, ќе станат заложници на политичка партија на власт, бидејќи со нивно нормално, легално работење им оневозможува конкурентност во една нормална пазарна средина бидејќи ја немаат поддршката на оние кои донесуваат одлуки.[18]

---

[16] Во една прилика во разговор со пратеник (сега поранешен пратеник) кој во тоа време беше на власт отворено призна дека во политиката влегол само за да постигна својата цел за да ја вработи сопругата на високо ценето работно место (што и во тоа тој успеал), дека не и го интересираат работите како се одвиваат во Собранието.

[17] Арнаудовски Љ., Кон етиолошките проблеми на стопанскиот криминалитет, Годишник на Правниот факултет "Јустинијан Први" Скопје, том 41, 2004/2005, стр. 74.

[18] Најочигледен пример за обвинување е ЦУ каде што, според најразлични извори, поранешен директор на Царината, наводно зема рекет на тој начин што ги принудува бизнисмените да ги користат услугите на повластен шпедитер што е под негова контрола. Според еден од царинските службеници, кој беше интервјуиран од МКГ, користењето на ривалска шпедитерска фирма може да резултира со проблеми. Овој службеник и една друга позната личност од полето на шпедицијата, укажуваат на фактот дека Даравелски ги има елиминирано или минимизирано транспортните претпријатија коишто не се согласувале. Процена е дека, благодарение на влијанието, повластената фирма заработува 10.000 американски долари дневно. Некои од обвинувањата што се пуштени во јавен промет (а некои и во локалниот печат) се следниве цигари за извоз во хрватска фирма биле држани на Табановце поради тоа што не го користеле омилениот

Старите шверцерски канали се експлоатираат, а исто така се создаваат нови со поставување свои луѓе во царинските и другите државни органи кои се должни да спроведуваат законот во царинското работење кои се верни на партијата на власт и луѓе кои во голема мера не ги поседуваат потребните квалификации за тие места. Од друга страна, играчите во такви ситуации им нудат мито на новите господари со цел да уживаат заштита и да обезбедат континуитет на нивните подземни бизниси.[19]

Тринаесет години задоцнување на Собранието на РМ во донесувањето на Законот за финансирање на политички партии, недостатокот на транспарентност во добивањето на средствата и расходите на средствата за време на предизборните кампањи и тековното одржување на партијата, укажува на сомневање дека секоја влада е поврзана со нерегулирани механизми за поддршка на политичките субјекти. Никој во македонската јавност не верува дека структурите на големите политички партии се финансирани само од страна на членарината на нивните членови. Во пракса во ЦУ секогаш се поставени најверни луѓе на партијата на власт[20] и

---

шпедитер. Се вели дека Хрватската влада интервенирала во Скопје во обид да ја помрдне стоката, конкурентната шпедитерска фирма Фершпед тврди, во писмена форма, дека 200.000 тони цемент биле блокирани од царински и од полициски службеници во 2001 и 2002 год., но кога работата ја презема [омилениот] шпедитер, истата пратка беше спроведена нормално и подмачкано, а ние ја изгубивме работата поради очигледната пристрасност на ЦУ; еден увозник на медицинска опрема со договор за реекспорт изјави дека неговите камиони биле блокирани од царинските службеници се додека тој не одлучил да го напушти Фершпед и да премине кај омилениот шпедитер. Интервју на Меѓународната кризна група со царински службеник. Македонска јавна тајна: како корупцијата ја влече земјата надолу, МКГ Извештај за Балканот бр. 133, Скопје/Брисел 14 август 2002, стр. 7-8.

[19] Еден увозник на фармацевтски производи, кој не е поврзан со ниту една партија, вели дека фирмата сака да го именува пратеник за член на својот одбор на директори, за да се осигури дека, ако опозицијата ги добие изборите, тие веќе ќе имаат врска со новоименуваниот директор на Фондот за здравствено осигурување. Интервју на МКГ со бизнисмен од фармацевтската индустрија, 12 јули 2002. Македонска јавна тајна: како корупцијата ја влече земјата надолу, МКГ Извештај за Балканот бр. 133, Скопје/Брисел, август 2002.

[20] По кадровската смена во ЦУ, сите цариници од граничните премини Богородица, Гевгелија и Стар Дојран се заменети со цариници од Струмица! Едноставно, царинските служби на македонско-грчката граница кај Гевгелија и Дојран се ставени под струмичка контрола, тврдат царински извори. Имено, за помошник на управникот на ЦУ во Гевгелија е поставен човек блиску до

тешко може да се докаже дека средствата со кои се финансираат политичките парти се од нелегален увоз.

Немаме добар пример каде што од партијата на власт јавно ги обвинуваат своите “симпатизери“ за функционирање на шверцерски канали. Спротивно на тоа, секогаш кога една партија паѓа од власт новата влада веднаш обвинува за наводи и докази за вмешаност во шверцот. Кај органите на прогонот присутен е селективен пристап во откривање и кривичните дела, идентификувањето на нивните сторители како и изрекување на соодветни казни за тие кривични дела.

Во Македонија поради одредени околности истите луѓе останаа на власт речиси цела деценија, сите обиди да се провери протекот на шверцуваната стока главно беа козметички. Сите коалиции кои дојдоа на власт дојдоа со ветувањата дека ќе се борат за спречување на криминалот во царината и корупцијата. Секогаш ваквите залагања не вродија со плод, корупцијата и криумчарењето секогаш се на високо ниво, секогаш е во алармантни пропорции. Се појавуваа различни шеми на избегнување на царинските контроли и процедури.

На изборната кампања ветуваа дека ќе се борат против криминалот во царината и корупцијата, а во практиката имаме зголемување на шверцот. Оваа парадоксална ситуација е последица на фактот дека тие ги зголемиле своите “активности“ за да имаат "резерви" за "несигурна" иднина и да ги искористат предностите на власта во вакумот меѓу резултатите на изборите и инаугурацијата на новата влада. Кога новата влада ја зема власта се преземени некои брзи и големи чекори само за публицитет каде што некои контрабандни канали се разбиени, а некои од инволвираните најчесто вклучувајќи царински службеници можеби се притворени или отстранети од нивните позиции. Но шверцот сам по себе не е значително засегнат. Наместо тоа, нови луѓе, блиски до новата власт, ги преземаат шверцерските мрежи.

партијата на власт. Именувањето на овој човек за втор човек во гевгелиската царинарница уследи и покрај тоа што има завршено Виша земјоделска школа, образование кое не соодветствува на предвиденото со систематизацијата на работните места. Утрински весник, бр. 2208, понеделник, 16 октомври 2006 год.

Моќните елити ги поделија сферите на интересот, некоја партија го презема бизнисот со цигари,[21] некоја со нафта, дури и до поделба на региони на дејствување на политичките структури, а за сето ова во владините коалиции се согласуваат да не се предизвикуваат меѓу себе и да ги прикријат ваквите недозволени активности кои во никаков случај не ги исклучуваше криминалните активности во царината.[22]

**5. Корупцијата како фактор на царинскиот криминалитет**

Корупцијата како старо - нов феномен продуцира огромни негативни последици – таа криминалот го прави поуспешен (го зајакнува и забрзува), ги отежнува легалните вложувања, го забавува севкупниот економски развој, немилосрдно ги црпи државните пари, и што е најлошо, корупцијата е најголем непријател на демократијата и на вкупните демократски процеси, посебно кај земјите во развој. Митото и корупцијата во големи размери

[21] Поранешниот министер за внатрешни работи, е еден од оние кои директно го посочи поранешниот директор на ЦУ, како човек што е поврзан со шверцот на тутун. Тој тврди дека екс директорот добива од 10.000 до 15.000 американски долари по шлепер што ја поминал границата. Исто така, тој изјавува дека пазарот на тутун се дели со Албанците. Потпретседателот на ДПА, како што тврди тој, мати со увозниот тутун, додека директорот на ЦУ се концентрира на локално произведените фалсификати. Цигарите, наводно, се движат преку косовските, српските и црногорските контакти кон доходовните пазари во Западна Европа. Поранешниот министер тврди дека поголем дел од севкупниот извозен пазар на Косово му е отстапен на албанската партија на власт. На пр., како што тврди тој, наместо да имаат неволи со фирма којашто, наводно, му е наклонета на екс директорот на ЦУ, шпедитерските претпријатија блиски до албанската партија на власт имаат предност во Западна Македонија. Интервју на МКГ, 24 април 2002 г.

[22] Демократската партија на Албанците, чии што лидери, се вели, најжестоко се бореа за делот од една третина, не е меѓу оние коишто упорно бараат спроведување на договореното во врска со увидот во Фондот за здравствено осигурување. На 28 февруари 2002 год., членовите на ДПА, заедно со своите македонски коалициони партнери од ВМРО-ДПМНЕ, во Парламентот гласаа за блокирање на ревизијата од државна ревизија на Фондот за здравство. Со други зборови, наместо отворено да се обелоденат фактите околу работата на Фондот, ДПА очигледно - помогна во покривањето на својот коалиционен партнер. Интервју на МКГ со координаторот на ДПА во парламентот, 25 јуни 2002 година. МКГ Извештај за Балканот бр. 133, стр. 11, Скопје/Брисел 14 август 2002 година.

претставуваат смрт за новите демократии и најголема кочница за нивниот побрз економски развој.[23]

Сите форми на каналите на шверц се случуваат со знаење и помош на државни службеници, односно царинските службеници. Колку може корупцијата да влијае врз овој вид на криминал покажуваат различните форми на корупција кои се со цел за преминување на државната граница без извршување на контрола од страна на царинските службеници. Во мислење сме дека најголем број на нелегалните поминувања на царинската линија, односно избегнување на применување на царинските прописи врз стоките се врши со непосредно знаење на царинските службеници, со давање на некаква вредност (парични средства, скапи подароци, процент на увезената стока итн.) на царинските службеници.

Формите на корупцијата можат да се класифицираат во неколку групи, во зависност од интеракцијата меѓу шверцерите и службениците. Некои од тие форми се: корупција насочена кон поттикнување на царинските службеници за побрзо извршување на дејствија (изработка на документи); прикривање на повредите кои се против царинското законодавство и други прописи и вклученоста на граничната полиција и на царинската управа во создавање на шверцерски канали и премин на стоките на граница.

### 6. Економската состојба на државата

Доколку економската состојба на една земја е стабилна, тоа е една причина помалку за вршење на царински криминалитет. Меѓутоа, во држави каде што владее економска криза вршењето на овие казнени дела е поголема. Што поголема криза, поголеми се можностите за вршење на царинските казнени дела. Во нашата држава, каде што економската криза е интензивно присутна, поради транзициониот период на кој не и се гледа крајот, воените состојби во поранешните републики, политичката нестабилност, создадени се идеални услови за вршење на овие дела бидејќи било присутен било недостаток на стока како и голема невработеност. Во ваква ситуација на дејствување на економските субјекти кои се одвиваат во отежнувачки околности, не им дава можност да остваруваат очекуван профит. Со цел за ублажување последиците

[23] Котовчевски, М. „Национална безбедност на Република Македонија“ (трет дел), Македонска Цивилизација, Скопје, 2000, стр. 110.

на слабото вработување, царинските обврзници се одлучуваат на вршење на овие казнени дела, каде што со избегнување на плаќање на давачките би ги зголемиле своите приходи кои му се недоволни.

Економската криза има големо влијание на голем број облици на криминалитет, па и на овие казнени дела, бидејќи во време на економска криза доаѓа до недостаток на материјални добра, до големо и одеднаш зголемување на цената и до хиперинфлација, што доведува до зголемување на трошоците за живот. Во такви услови расте невработеноста и неизвесноста, што креира конфликтна атмосфера која е поволна за искушение на деликвентите. Во таков амбиент неопходно е надоместување на недостатокот на стоката, што некои лица користат и почнуваат илегално да увезуваат стока на која не се плаќаат царинските давачки со цел за поголем профит и искористување на пазарните можности. Поради тоа во време на кризна ситуација се јавуваат голем број на луѓе кои не можат да ги задоволуваат основните потреби. Поради тие неможности поедини лица доживуваат различни кризи, паѓаат во револт. Поради ваквата ситуација кај луѓето предизвикува однесување кое може да биде криминално и се определуваат за вршење на царинските казнени дела за задоволување на своите материјални и душевните потреби. Почнуваат да се занимаваат со трговија без потребните одобренија и така стигнуваат до приходи за кои не се плаќаат даноци, односно царински давачки. Сиромашните поединци потиснати и деградирани се определуваат кон вршење на овие казнени дела, бидејќи не гледаат причина своите активности да ги вршат во законски рамки. Падот на животниот стандард граѓаните се обидуваат да го надокнадат на различити начини. Царинските обврзници тоа настојуваат да го сторат со избегнување на царинските давачки, а останатите граѓани обезбедување на приходи во рамките на сивата економија.

**7. Висина на царинските давачки**

Што се поголеми царинските давачки толку царинските обврзници се определуваат за вршење на овие дела, бидејќи мислат дека нема да бидат откриени, а ако бидат откриени сметаат дека економската корист која ќе ја добијат со казнените дела ќе ги компензираат евентуалните последици кои како сторители на казненото дело можат да ги имаат во кривичната постапка.

Последните години учеството на сите даночни, царински и други оптоварувања во многу земји е во пораст. Иако царинските тарифи се намалуваат од година во година сепак се воведуваат нови даноци, нови оптоварувања со споредни давачки. Како растат стапките на царинските давачки така се зголемуваат побудите да се избегнува плаќањето на царинските давачки, бидејќи добивките од таквите избегнувања се многу високи. Високите царински давачки претставуваат стимулација за вршење на царинските казнени дела кои организираат канали за пренос на стока без плаќање на царинските давачки. Праксата покажува колку се поголеми царинските давачки толку се и побудите да се намалуваат, бидејќи нивното намалување донесува голема заработувачка. Особено за стоката која има голема заработувачка, особено ако овие дела се вршат во вид на организиран криминал.

Висината на оптоварувањето со царинските давачки до одредено ниво има многу малку влијание на затајувањето на царинските давачки, но кога оптоварувањата ја преминуваат одредената граница затајувањето прогресивно расте. Се поставува прашањето каде се наоѓа границата на оптоварувањето преку која затајувањето на царинските давачки ќе станат значајни. Оваа граница е релативна и зависи од голем број на фактори. Англискиот писател Џонатан Свифт уште во 1728 год во врска со царините за свилата и виното наведува дека со зголемување на царинските давачки износот на уплатените средства под таквите услови се намалуваат, односно ефектот на царината е помал од оној кој се очекува.[24] Овој писател е прв кој наведува дека кај даноците 2X2 не е 4, туку помалку од 4, бидејќи зголемувањето на даночните стапки сè повеќе го зголемува отпорот на обврзникот и доведува до постепено намалување на даночните приходи.[25]

Различно третирање на царинските обврзници во поглед на висината на оптоварувањето може да претставува повод на царинскиот обврзник да презема активности со кои целосно или делумно ќе избегне плаќање на царинските давачки.

[24] Swift J., An answer to a paper called a memorial of the poor inhabitants, tradesman and labourers of the Kingdom of Ireland, T.X, London 1728, стр. 215.
[25] Попович Д., Наука о порезима и пореско право, Београд, 1997, стр. 451.

## 8. Субјективни фактори

Во групата субјективни фактори на царинските казнени дела од областа на царинските казнени дела спаѓаат егоизмот и тежнеењето за поголем профит, царински морал, непостоење на свест за оправданоста на царинските давачки и сфаќањето за фискалниот систем. [26] Разгледувајќи ги субјективните фактори во целина даваат јавна слика за мотивацијата на обврзниците за избегнување дел или цел износ на царинските давачки.

Во основа избегнувањето на плаќањето на царинските давачки може да се објасни со егоизмот на човекот. Со избегнување на плаќање на царинските давачки се избегнува принудната наплата за која не се добива одредена противвредност. Како основа на овие дела се јавува тежнеењето за стекнување профит и богатство. Често се случува овие казнени дела да ги вршат лица кои настојуваат своите добра да ги зголемуваат над нивото кое им е неопходно потребно. Тоа значи дека кај таа категорија сторители присутни се профитерските мотиви на зголемување на заработувачката, зголемување на богатството, како и израз на индивидуалните аспирации и интереси. Аспирациите за збогатување немаат граница. Таа одредени поединци ги тера на вршење на различни работи и активности, често општествено опасни и инкриминирани, како што е избегнување на царинските давачки. Добар број на сторители на овие дела се материјално добро обезбедени, што не тера на заклучок дека често овие дела се вршат со цел за задоволување на аспирациите за збогатување отколку за задржување на неопходните средства за егзистенција.

Даночниот морал има значително влијание во појавата на царинските казнени дела. Етичкиот однос кон обврската за плаќање на даноците, а со тоа и царинските давачки како вид на данок се разликува од држава во држава. Даночниот морал на еден народ зависи од историските околности во кои настануваат, вклучувајќи ги и традицијата и менталитетот, како и другите карактеристики на народот. Даночниот морал е и дел од вкупниот морал на едно општество и се гледа во односот на општествената средина спрема даночниот обврзник кој сторил даночни деликти.

Поимот даночен морал се разликува од филозофскиот и психолошкиот поим на моралот. Под даночен морал се подразбира

[26] Кулич М., Пореска утаја и криумчарење, Београд 1999, стр. 240.

општ став на граѓаните спрема нивните даночни обврски, став кој од народ до народ, од време на време и од место во место, може да покаже значајни разлики. Во нашето општество даночниот морал е на многу ниско ниво. Прекршувањето на пропис со кој треба да се плаќаат царинските давачки или некој друг вид на данок не се смета за голем деликт од аспект на морален надзор како индивидуално, така и колективно. Обврзник кој успева да избегне плаќање на царинските давачки себе си се смета како успешен, така го смета и околината. Ставот на јавноста спрема повредата на прописите многу е мек, во случаите кога се повредуваат прописите со кои се регулираат плаќањето на царинските давачки отколку кога се работи за повреда на многу други прописи. На избегнувањето на плаќањето на царинските давачки често се гледа со одредена симпатија. На оваа појава се гледа како витешки деликт. Повредата на царинските прописи во очите на еден дел од јавноста има некаков романтичен карактер и лицата кои се вмешани во извршувањето на овие дела добиваат некој ореол на херојство, како совршеност, мистерија.[27] Ваков став спрема сторителите на овие дела е условен од отсуството на јасното изразување на осуда на средината, како и неадекватното третирање на тој проблем во средствата за информирање. Јавноста не го осудува доволно цврсто поради распространетост на сфаќањата дека со овие дела никој не е непосредно оштетен. Во некои случаи избегнувањето на плаќање на царинските давачки не се јавува како пречка за политичка, општествени промовирања и напредувања.

### 9. Одредени услови кои имаат влијание во појавата на царинските казнени дела

Како услови кои можат позитивно да влијаат врз појавата на кривичните дела од царинското работење се: слабата организираност на превентивната борба против овие дела, недоволната стручност и опременост на царинската администрација, недоволната активност и ефикасност на органите за откривање, гонење и пресудување на овие дела, недоволниот развојот на економскиот и правниот систем, непридржување на принципот на законитост во работата на одделни органи, отсуство на мобилизација и активирање на јавното мислење во сузбивањето на овие казнени дела,

[27] Кулич М., Пореска утаја и криумчарење, Београд 1999, стр. 242.

нејасност и недоволната прецизност на царинските прописи, недоволната ригорозност при изрекување и издржување на кривичните санкции, претерано администрирање и сл.

Значајно влијание врз овој вид на криминалитет има стручноста и ефикасноста на работата на органите за неговото откривање. Ова е особено важно кога се работи за нови појавни облици на кривични дела каде што е потребна посебна стручност. Органите кои работат на откривањето на овие казнени дела поради малиот број на царински работници и оптовареноста со многу работи, често не се во можност во доволна мера да им се посветат на откривањето и спречувањето, особено на организираното вршење на овие казнени дела и поради тоа расте можноста за нивно извршување. Ефикасноста во водењето на казнената политика значајно влијае во намалувањето на извршувањето на овие казнени дела. Влијание врз појавата на овие казнени дела има и постојаното изменување на царинските прописи кои ја регулираат оваа област, како и економскиот систем во целина. [28] Овие прописи често се нејасни, меѓусебе спротивни, со доста правни празнини и поради тоа стануваат неефикасни. Со нив не ретко во основа се менуваат односите во царинското работење и позицијата на различните субјекти кои се инволвирани во царинското работење.

## Conclusion

In countries with strong roots of democracy and market economy there aren't domestic factors such as economic, social, political or judical that could encourage smuggling of goods and capital. Criminality in customs administration in countries with strong democracy is restricted and controlled in the macroeconomic level and normally amounts to import prohibited goods such drugs and precursors and dual-use goods which, due to their nature or possible use can affect

[28] На пример, во 1993 год. е донесен првиот Закон за царините („Сл.В.на РМ„ бр. 20/1993), овој закон двапати е изменет и дополнет и тоа во 1995 и 1997 год, а во мај 1998 год. е донесен нов Царински закон („Сл. Весник на РМ„ бр. 21/1998) кој е изменет во декември истата година, и во 1999 год., пет пати е изменет и дополнет и тоа два пати во 2000 год., во 2001 и два пати во 2002 година, потоа дополнет е во 2003 год., за на крај во 2005 год. пак се донесе нов Царински закон кој е изменет два пати во 2008 и 2010 год.. Значи за период од седумнаесет години имаме три закони, кои 12 пати се изменети, скоро секоја година имаме нови правила во царинското работење.

moral grounds the society, to violate public order or threaten the security of the country.

**Користена литература**

1. Арнаудовски Љ., Глобализација и криминалитетот, Зборник на трудови во чест на проф. д-р Тодор Џунов, Скопје 2009, стр. 436 – 437.

2. Арнаудовски Љ., Кон етиолошките проблеми на стопанскиот криминалитет, Годишник на Правниот факултет ”Јустинијан Први” Скопје, том 41, 2004/2005.

3. Вељковиќ Д., Транзициона деструкција – деценија што ја изедоа термити, Скопје, 2001.

4. Emilio C. Viano, Globalization, Transnational Crime and State Power: The Need for a New Criminology, Rivista di Criminologia, Vittimologia e Sicurezza Vol. III - N. 3, Vol. IV – N. 1, Settembre 2009, Aprile 2010.

5. Извештај за состојбата со организираниот и економскиот криминал во Југоисточна Европа, Сразбур, август 2005.

6. Камбовски В., Организиран криминалитет, Скопје, 2005 год.

7. Котовчевски, М. „Национална безбедност на Република Македонија“ (трет дел), Македонска Цивилизација, Скопје, 2000.

8. Кулич М., Пореска утаја и криумчарење, Београд 1999.

9. Corruption and Trafficking: Monitoring and Prevention, Assessment methodologies and strategies for counteracting transborder crime in Bulgaria, Center for the security study of democracy, 2000.

10. Македонска јавна тајна: како корупцијата ја влече земјата надолу, МКГ Извештај за Балканот бр. 133, Скопје/Брисел, август 2002.

11. Попович Д., Наука о порезима и пореско право, Београд, 1997.

Перич А., Финансиска теорија и политика, Београд, 1971.

12. Stefanovski C., "Macedonian Nouveaux-Riches." *AIM Press*. 6 October 1996. http://www.aimpress.org/dyn/trae/archive /data/199510/51027-002-trae-sko.htm>.

13. Taxation and Customs Union Directorate General, April 2006. http://ec.europa.eu/taxation_customs/resources/documents/ common/publications/info_docs/customs/customs_security_en.pdf.

14. Swift J., An answer to a paper called a memorial of the poor inhabitants, tradesman and labourers of the Kingdom of Ireland, T.X, London 1728, стр. 215.

15. Hajdinak M., Smuggling in the Southeast Europe, The Yugoslav Wars and the Development of Regional Criminal Networks in the Balkans, Center for the Study of Democracy, 2002.